РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1537/2
17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница, продолжение одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1537/1 од 30.04.2024 година, против лицето ----------------- ------------------ ------------------ за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува, каде веќе подносителот ја доставил пријавата.

Предметот со број 12-1537/1 од 30.04.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 30.04.2024 година, поднесена е пријава за лицето ------------------ ------------------ ------------------, кандидат за пратеник на политичката партија ----- во изборната единица 3, со сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година и оформен е предмет број 12-1537/1 од 30.04.2024 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата подносителот наведува дека за потребите на изборната кампања, кандидатот за пратеник на листата за ИЕ 3 предложена од политичката партија------, ------------------ ------------------- -------------------, а спротивно на Кодексот за фер избори и Изборниот Законик, условувале користење на средства од "Програмата за рурален развој" со поддршка за политичката партија од која е предложена. Имено, со објава на рекламно видео на својата фан страница на 29.04.2024 година, а со цел водење на кампања за Парламентарни збори 2024 година, се користело лице од -------------- – корисник на средствата од програмата за рурален развој.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, се содржани наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, а подносителот во пријавата наведува дека истата е доставена и до Јавното Обвинителство на Република Северна Македонија и до Државната изборна комисија на Република Северна Македонија, кои имаат надлежност по однос на пријавените наводи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител
Одобрил: м-р Б.Ц. Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk